Врз основа на член 14 од Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 224/2018 и 70/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 април 2019 година донесе

# О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарната здравствена заштита

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарната здравствена заштита (бр.02-21252/2 од 18.12.2018 година), во член 1, по точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:

„3. За препарат без глутен кој се издава на рецепт на товар на средствата на Фондот за индикација целијакија, кој не влегува во квота на организациона единица – аптека, надоместокот се утврдува во фиксен износ од 35,00 денари по реализиран рецепт.“

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број: 02 - 6300/1
24.04.2019 април 2019
Скопје

Управен одбор/Bordi drejtues
Претседател/Kryetar,
D-r Ridvan ASANI